GS1 Македонија

# Глобални локациски броеви (GLN)

Клуч за поголема ефикасност и увид во синџирите на снабдување и побарувачката

Во рамките на процесот на деловното работење сите организации разменуваат информации, екстерно и интерно. GLN пружа можност на недвосмислена идентификација на физичките локации и деловните субјекти. GLN е предуслов за ефикасно електронско работење, глобална синхронизација на податоците, а поддржува и други примени (нпр. директна испорака, претовар итн.).

# Што е глобален локациски број?




GLN е проектиран со цел зголемување на ефикасноста на комуникацијата меѓу деловните партнери. Исто така GLN го олеснува работењето меѓу компаниите од една и потрошувачите од друга страна.

GLN може да се користи за идентификација на:

- физички локации – место на пристап со физичка адреса како што е одредена просторија во објект, магацин, влез во магацин, место на утовар, место на испорака итн.
- деловен субјект – правно лице кое се претплатило на учество во GS1 системот, на пример, компанија во целост или нејзин огранок.

На секоја локација ѝ се доделува единствен идентификациски број.

Глобалните локациски броеви се референтни клучеви за пребарување на информации од базите на податоци кои се однесуваат, на пример, на:

- место на испорака/адреса;
- вид на локација (производен погон, магацин, седиште на организацијата);
- информации за сметката во банка;
- даватели на информации (на пример, во рамките на мрежата за синхронизација на податоците)

## Каква е структурата на глобалниот локациски број?

GLN има 13 цифрена нумеричка структура на податоците и составен е од:

- GS1 компанискиот префикс – доделен од страна на GS1 организацијата
- референца на локацијата – референца на специфичната локација доделена од страна на компанијата
- контролна цифра – пресметана према стандардиот алгоритам.



# Кога се користат глобалните локациски броеви?




## EDI – Електронска размена на податоците

GLN е клучен поим во рамките на EDI. Примената на GLN овозможува единствена, недвосмислена и ефикасна идентификација на сите локации релевантни за EDI трансакцијата. GLN е предуслов за електронското работење со оглед на очигледната предност на примената на истиот стандард за кодирање на локациите.

Имињата, називите, адресите и информациите за одредените локации не мораат да се пренесуваат при секоја трансакција, туку неопходните информации се доставуваат само еднаш, потоа се внесуваат во компјутерските датотеки и подоцна се пребаруваат од базата на податоци со повикување на единствен GLN.

Апликационен идентификатор 410 го идентификува ”да се испрати до”.
Се следи преку локацискиот број




## Глобална синхронизација на податоците

GLN е еден од клучните делови на информацијата со која се овозможува земање на податоци од пулот на податоци. Рачно напишаните налози, факсови, хартиени чекови итн. се видови на комуникација со кои се намалува ефикасноста и брзината неопходна во современото глобално работење.

Да ли некогаш сте виделе некој рачно пишан важен документ и податоци во него кои изгледаат како што изгледаат буквите на текст кој сега го читате?

Понекогаш е потребно повеќе време таквите документи или податоци да се протолкуваат.

## Ефикасен превоз и претовар

GLN може да биде претставен во формат на бар код кога се работи за:

- трговски единици поради идентификација на партнерите
- транспортни единици (претовар)
- физички локации

GS1-128 може да биде скениран поради автоматско прифаќање на деталите поврзани со GLN.

**GLN е клуч за пребарување на информации од базата на податоци**



# Кои се бенефитите од примената на глобалните локациски броеви?

## Зошто GLN наместо интерен систем?

Секоја компанија е во состојба да воспостави сопствен интернен систем и структура на кодовите за идентификација на сите локации, за да ги покрие своите оперативни потреби. Иако може да се помисли дека интерното решение е најлесен и најбрз пат во работењето, оваквата пракса, кога се работи за информации разменети меѓу одалечени компјутери, може да доведе до појава на неколку проблеми:

- **дуплирање**: случај кога два или повеќе деловни партнери користат исти кодови за идентификација на своите локации;
- **комплексност**: интерните кодови имаат разни структури и формати правејќи го апликационото програмирање покомплексно, а промените во апликациите скапи.
- **значење**: со развој на структурата на кодовите и приклучување на нови значења, локациските кодови кои содржат информации кои се однесуваат на локациите во самата структура на кодот, со тек на време ќе биде сé потешко да се одржуваат.

Со примена на глобалните локациски броеви – на GLN компаниите им е овозможено користење на методата идентификација на локациите во и надвор својата компанија. Глобалните локациски броеви се:

- **единствени**: едноставна структура, ја олеснуваат обработката и преносот на податоците;
- **мулти секторски**: несигнификатна карактеристика на ГЛН која овожува идентификација на било која локација, а со самото тоа на било кој деловен субјект без оглед на неговата дејност;
- **глобални**: локациските броеви се единствени за целиот свет. Исто така, меѓународната мрежа на организациите членки на GS1, која опфаќа повеќе од 100 земји овозможува услуги на локалните јазици.

## Кој данес ги користи глобалните локациски броеви?

Глобалните локациски броеви се во секојдневна примена во преку милион кориснички организации на GS1, вклучени во најразновидни деловни активности, вклучувајќи ги секторите хемија, електроника, банкарство, здравствена заштита, малопродажба и производи "направи сам".

GLN е прифатен од страна на Работната група одговорна за UN/EDIFACT при Обединетите Нации и од страна на Меѓународната Организација за Стандардизација (ISO 6523).

*Напомена: UN/EDIFACT е кратенка за: Обенети Нации/Електронска размена на податоците во областа на администрацијата, трговијата и транспортот.*

### Накусо за GS1

GS1 претставува водечка светска организација посветена на проектирање и имплементација на глобалните страндарди и решенија за подобрување на ефикасноста и увид низ синџирите на понудата и побарувачката на глобално ниво и внатре во секторите.

GS1 е во потполност глобално интегрирана организација со преку 30 години искуство во областа на глобалните стандарди.

GS1 нуди разновидна палета на производи, решенија за примена и услуги кои во основа ги подобруваат ефикасноста и увидот низ синџирите на понудата и побарувачката.

GS1 е активен во рамките на различните сектори и индустрии.

Македонија

GS1 Македонија

ул. Маршал Тито бр. 19, Скопје

Директор:
Слаѓана Милутиновиќ

тел. 02/ 32 54 250 факс: 02/ 32 54 254

smilutinovic@gs1mk.org.mk

www.gs1mk.org